SYMPOSION

**А Г Е Н Д А**
**за работилницата на тема:**

**УКАЖУВАЧИТЕ ВО ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС:**
**законска рамка и предизвици**

**(18 септември, „Хотел Романтик“ – Велес)**

**09.45–10.00** Пристигнување и регистрација научесниците.

**10.00–11.00** Студија на случај за укажување. *Whistle-blower* – херој или дисидент? Зошто е донесен Законот за заштита на укажувачите? Терминолошка недоумица. Информатор наспроти укажувач. Што е тоа заштитено пријавување? Видови заштитено пријавување. Укажување – дел од системот на интегритет.

Прашања и дискусија.

**11.00–11.30** Кафе-пауза.

**11.30–12.30** Кои се механизмите за заштитено пријавување во институциите и во правните лица од приватниот сектор согласно Правилниците за заштитено пријавување? Какви се обврските на институциите или правните лица согласно законот и правилниците и каква е постапката на лицата овластени за прием на пријави доставени заради заштитено пријавување (назначување на овластено лице, критериуми што треба да ги исполнува овластеното лице, услови што треба да ги исполни институцијата/ правното лице, постапка што мора да ја спроведе овластеното лице во случај на поднесенапријава, обврска за известување). Практичен пример на поднесување пријава.

Прашања и дискусија.

**12.30–13.30** Ручек

**13.30–15.00** Фази и дилеми низ кои поминува укажувачот. Кога се врши заштитено надворешно пријавување и/или јавно пријавување. Студија на случај за укажување. Како е обезбедена заштитата на укажувачите (во институциите и судска заштита). Примери за повратни ефекти и случувања како последица на пријавувањето, односно откривањето на незаконито или недозволиво постапување. Начини на кои може да се поттикнеукажувањето.

Прашања и дискусија.

**НАПОМЕНА:**
Можни се измени во агендата согласно потребите на учесниците и развиените дискусии за време на обуката.


ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
**e-mail:** info@simpozion.mk
**тел.:** 078 271 576
www.simpozion.mk

**Предавачи**

**Владимир Георгиев** – Државен советник за превенција на корупцијата во Државната комисија за спречување на корупцијата. Во Секретаријатот на Комисијата е непосредно по нејзиното основање во 2002 година. Учествувал на голем број домашни и меѓународни проекти, форуми, конференции, состаноци, работилници и експертски тимови на теми од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси преку креирање и имплементација на превентивни механизми и алатки. Учествува како евалуатор на други држави за усогласеноста на превентивните антикорупциски политики во оценката на имплементацијата на меѓународните антикорупциски стандарди воспоставени од Обединетите нации (Конвенција на Обединетите нации против корупцијата – УНЦАЦ), Советот на Европа (Група на земји против корупцијата – ГРЕКО), ОЕЦД АЦН (Антикорупциска мрежа за Источна Европа и Централна Азија). Сертифициран обучувач за превенција на корупцијата и интегритет. Коавтор на повеќе публикации, прирачници и брошури од областа на спречувањето на корупцијата., вклучувајќи го и Водичот за укажувачи.

**Маја Коневска** – Магистер на тема заштита на укажувачи. Помошник раководител на сектор за програми, аналитика и меѓународна соработка во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата. Учесник во повеќе национални и меѓународни конференции, стручни семинари и работилници. Поседува долгогодишни практично искуство во осмислувањето и спроведувањето антикорупциски проекти. Сертифициран обучувач за превенција на корупцијата и интегритет. Коавтор на Водичот за укажувачи.